Методија СОКОЛОСКИ

# ЖУПА ВО XV И XVI ВЕК

Жупа е наречена онаа област што се наоѓа југоисточно од градот Дебар, помеѓу планината Стогово и реката Црни Дрим. Населените места или селата од Жупа во текот на XV век, по времето на вршењето на пописот, се вклучени во тогаш постојните најмали административно-територијални единици наречени вилаети или нахии[1] во тој дел од Македонија, а тоа се Горни Дебар, Долни Дебар, Река и Дол о Брдо. Најголем дел од селата во Жупа, на пример, во 1467 година се вклучени во вилаетот Горни Дебар и тоа: село Жерновник кое тогаш имало три семејства[2]; село Власиќ со 1 семејство (старешината на семејството се викал Никола Власиќ, што значи дека селото го добило називот според старешината на семејството Власиќи; во дефтерот стои дека ова село се наоѓало кај крепоста Коџаџик[3]); третото населено место од Жупа што е вклучено во Горни Дебар е селото Баланци со 10 семејства (hane); потем селото Д'лгаш, со две семејства (старешини на семејствата се Грдан Милошевиќ и неговиот брат Војко) и најпосле селото Евлахлар со 1 семејство (старешината на семејството се викал Металец Видиќ). Покрај овие населени села во Горни Дебар се вклучени уште и следните села од Жупа кои во 1467 година биле испустени т.е. ненаселени (ḫali): Горни Папрадник, Кочиште, Славјани, Осолница, Житинени, Пареш, Стрежовиште, Брештани, Проваленик, Балани и Елешево. Во вилаетот, односно нахијата Долго Брдо се вклучени од Жупа селата: Радовешта

[1] Најголеми административно-територијални единици во османско-турската држава во текот на XV и XVI век па и подоцна се *ејалетите* или *беглербеглаците*. Во прво време имало само два ејалети: Румелискиот и Анадолскиот. Подоцна, со експанзијата на османската држава, особено по времето на владеењето на султан Сулејман Величествени (1520—1566), се создадени повеќе ејалети (беглербеглаци). Овие управни единици се составени од помали управни единици наречени *Санџаци*, а самите санџаци се составени од најмали административно-територијални единици кои во текот на XV век се викале прво *Вилаети*, а потем *Нахии*, за во XVI век да бидат наречувани само како *Нахии*, бидејќи терминот *Вилает* почнува да се употребува за најголемите административно-територијални единици — *Беглербеглаците*.

[2] Опширен пописен дефтер (Tahrir defteri-mufassal) бр. 508 од 1467 година, пагинирана страна 29. Дефтерот се чува во Архивот на Претседателството на владата (Bašbakalnik Aršivi) на Република Турција во Истанбул. Микрофилм од овој дефтер има во Архивот на Македонија.

[3] Ibid., стр. 31.

со 21 семејство (hane)[4], Горенци со 2 семества[5], Долни Папрадник[6], кое се наоѓало кај Коџаџик, било ненаселено (hali)[7] и селото Црнобуки, кое исто така било кај Коџаџик и било испустено. Во нахијата Река е вклучено во 1467 година селото Новак, кое имало 4 семејства (hane)[8].

Од горепримедените податоци гледаме дека во XV век т.е. во 1467 година од вкупно 18 села што биле на територијата на Жупа само 7 биле населени, додека 11 ненасслени. Во текот на XVI век положбата во Жупа е прилично изменета по однос на составот на населението по селата.

Пред сè, уште во првите децении од XVI век во Жупа е создадена посебна адмистративно-територијална единица наречена нахија. Тоа нешто е сосема евидентно од сумарниот пописен дефтер број 81 од 1519 година, каде покрај нахиите Горни Дебар, Долни Дебар, Река, Дебарца, Преспанската и Охридската нахија, е даден и пописот на нахијата Жупа. Како одделна нахија, Жупа фигурира и во опширниот пописен дефтер број 25 за Охридскиот санџак од 1583 година[9]. Користејќи се со податоци од пописните дефтери од 1519 и 1583 гидина, ќе ја прикажеме состојбата во оваа нахија.

Во 1519 година во Нахијата Жупа се вкучени вклупно 26 населени места или села. Вкупниот број на регистрираните жители во сите 26 села изнесува 778 од кои 682 христијански старешини на семејства (hane)[10], 3 муслимански семејства (hane), 17 христијански вдовици (bive)[11] и 76 христијански неженети, а работоспособни лица (mu erred)[12]. Ако вдовиците ги сметаме исто така како семејства, во тој случај бројот на христијанските семејства би бил 699, а на муслиманските само 3, од кои 2 во селото Долни Папрадник и 1 муслиманско семејство во селото Елевци. Ако претпоставиме дека едно семејство броело во просек 5 членови, во тој случај во сите населени места бројот на христијаните би изнесувал 3.495, а на муслиманите 15. Целокупното население т.е. сите 26 села се задолжени кон непосредните феудални господари (спахиите-тимариоти) годишно со сума во износ од 57.298 акчиња. Бидејќи вкупниот број на семејствата изнесуваше 702, тоа значи дека во просек на едно семејство доаѓало да му даде на спахијата-тимариот годишно околу 82 акчиња. Села со најголем број семејства во 1519 г. се следните: село

---

[4] Ibid., стр. 86.

[5] Ibid., стр. 93.

[6] Ibid., стр. 99.

[7] Ibid., стр. 99.

[8] Ibid., стр. 111.

[9] Defter-i mufassal Liva-i Ohri, Cild el-evvel, № 25. Опширен пописен дефтер за Охридскиот санџак, св. I, № 25 од 1583 година, кој се чува во Главната катастарска управа во Анкара. Микрофилм има во Архивот на Македонија.

[10] *Хане* (Hane-), персиски збор со основно значање „куќа". Меѓутоа, во пописните дефтери со овој збор се означени семејствата во одредени населени места. Во документите кои се однесуваат на разни државни даноци, како, на пример, на авариз, џизие (или харач), нузул и др., зборот хане се среќава исто така, но во вакви случаи има значење на даночна единица.

[11] *Биве* (Bive), перс. збор со значење „вдовица".

[12] *Муџеред* (Mücerred), арапски збор со значење „неженет, самец". Во пописните дефтери овој израз означува младич или момче веќе способно за работа.

Броштица со 63 семејства; село Долно Алешенци со 55 семејства; село Горни Папрадник со 46 семејства; село Горенци со 38 семејства; село Долни Папрадник со 38 семејства итн. Со најголеми давачки на непосредните феудални господари е задолжено селото Јанборија со 7.149 акчиња, а имало 29 семејства; село Долно Алешенци, задолжено со 5.271 акче, имало 55 семејства; село Долгаш е задолжено со 3.265 акчиња, а имало 34 семејства; село Броштица кое имало 63 семејства е задолжено само со 2.851 акче.

Бидејќи пописниот дефтер број 81 од 1519 година е сумарен (icmal)[13], во него се дадени само називите на населените места, со бројчени показатели за бројот на семејствата, вдовиците и неженетите, како и натуралната и паричната рента што му следела на непосредниот феудален го подар през годината, изразена само во пари (акчиња)[14]. Доколку имало приходи од поедини мезри[15] (обработлива површина), што не биле во склопот на поедини села, бил внесувани и тие приходи.

## *Жуйа во* 1583 *їодина*

Опширниот пописен дефер број 25 од 1583 година ни дава доста богати податоци како за составот на населението во ова подрачје, исто така и за разните видови давачки на селското население. Пописот на Нахијата Жупа е опфатен од 170-179 лист од дефтерот. По ова време Жупа спаѓала во Дебарската каза[16], т.е. во подрачјето на Дебарскиот кадија била вклучена и Жупа. Најнапред е даден список на селата и мезрите што се наоѓале на територијата на оваа нахија. Секое село, односно мезра, има свој реден број. Во 1583 година во Жупа имало 26 села и 3 мезри. Во пописот од 1583 година се регистрирани само старешините на семејствата и неженетите, додека вдовици нема воопшто регистрирано.

Во сите 26 села во 1583 година се регистрирани 629 христијански семејства и 232 неженети, а бројот на регистрираните муслимани по селата во Жупа по ова време изнесува 92, од кои 85 семејства и 7 неженети. Според тоа, вкупниот број на христијанските и муслиманските семејства изнесува 714, помножено со 5 членови секое семејство, покажува дека по ова вр ме на подрачјето на Жупа живееле околу 3.145 христијани и 425 муслимани или вкупно 3.570 жители. Ако се спореди бројот на семејствата во 1519 со бројот во 1583, ќе се види дека за временски период од 64 години има едно минимално зголемување т.е. од 702 во 1519 на 774 семејства во 1583 година. Земено одделно, бројот на хрис-

---

[13] *Иџмал* (Icmal), арапски збор со значење „извод, резиме, рекапитулација".

[14] *Акче* (Akçe), назив за стара турска монета која била во оптек во текот на XV и XVI век, па и подоцна.

[15] *Мезра* (Mezre), арапски збор со значење „обработлива површина, нива, поле". Овој израз се употребувал уште и за испустени или раселени села, чиишто обработливи површини најчесто биле обработувани од жителите на соседните села.

[16] *Каза* (Kaza), арапски збор со значење „околија, подрачје до каде што се простирала власта на еден кадија, кадилак".

тијанските семејства во 1519 година изнесуваше 699, додека во 1583 година се сведува на 629 т.е. се смалува за 70 семејства, додека бројот на муслиманските од 3 во 1519, се зголемува на 85 во 1583 година. Зголемувањето на муслиманскиот елемент се должи пред сè на процесот на исламизацијата на христијаните. Во 1583 година од вкупниот број на муслиманските семејства, кој изнесува 85, од нив 42 се исламизирани. Ако се има предвид дека бројчениот показател за исламизираните се однесува само на една генерација, во тој случај може со сигурност да се претпостави дека околу 70% од вкупниот број на муслиманите се исламизирани христијани.

За илустрација ќе приведеме некои примери. Во селото Јанбориа во 1583 година се регистрирани 20 муслимански и 65 христијански семејства. Од 20-те муслимански семејства 11 се исламизирани христијани. Во селото Кочиште се регистрирани 2 муслимански семејства, обете се исламизирани. Во селото Горенци, од 3 муслимански 2 се исламизирани. Во селото Катун, од 5 муслимански семејства, 2 се исламизирани; во селото Горно Алешенци има 1 муслиман, кој е исламизиран итн.

Ако во 1519 година муслимани имаше само во две села, во едното две и во другото едно семејство, во 1583 година муслимани се среќаваат во 19 села од вкупно 26. Најмногу регистрирани муслимани има во селото Јанборија — 20 на број, во Долни Папрадник — 10, во житинени — 8, во Долно Алешенци — 7. Во другите села бројот на муслиманските семејства се движи од 1-5. Во селото Брештани, кое во 1467 година било испустено, а во 1519 повторно нас лено со 13 семејства и 1 неженет, 1583 година се регистрирани само 6 и тоа муслимански семејства, додека христијани нема.

Целокупното население во Жупа во 1583 година е задолжено со 99.673 акчиња. Ако оваа сума ја поделиме со вкупниот број на семејствата, кој изнесува 714, ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓа по 139 акчиња како обврска кон непосредниот феудален господар. Во 1519 година видовме дека просечната обрвска на едно семејство изнесуваше 82 акчиња.

Сите села од нахијата Жупа во 1583 г. се вклучени во феудални лена од трета категорија т.е. во тимари.[17] Меѓутоа, во самиот пописен дефтер не се регистрирани имињата и презимињата на притежателите на тимари, како што е правено во сите сумарни и опширни пописни дефтери од XV и XVI век.

Меѓу селата во Жупа во 1583 година се среќава и едно дервенциско село; тоа е селото Јанборија. Во 1519 година селото Јанборија не било дервенциско, што значи дека такво станало доста подоцна. Пред самиот попис на населението во ова село, на 175 лист од дефтерот број 25, стои следното:

---

[17] *Тимар* (Timar), арапски збор. Назив за феудално владеење (лено) од најниска категорија со годишен приход најмногу до 19.999 акчиња.

„Рајата[18] од споменатото село секоја година ѝ дава на крепоста Коџаџик по 1000 штици и по 50 диреци. Како противвредност за тоа нешто (рајата) е ослободена од редовните и вонредните државни даноци. Така било заведено во претходниот (пописен) дефтер, така пак се регистрира во најновиот дефтер".

Значи, рајата на село Јанборија е одредена како дервенџиска заради тоа што се обврзала да ѝ доставува на крепоста Коџаџик одредена количина штици и диреци. Исполнувањето на таа обврска повлекувала ослободување од плаќање на редовни и вонредни државни даноци.

Што се однесува до обврските кон непосредниот феудален господар, спахијата-тимарот, населението ги давало сите натурални и парични давачки што му следеле на спахијата, како и другата раја. Така, на пример, само христијанското население од ова село е задолжено со 1.950 акчиња на име испенџе[19]; муслиманите се задолжени со данок за земјарина во износ од 188 акчиња. Целото население е задолжено со 132 товари жито, од кои 35 товари пченица, 25 јачмен, 30 'рж, 20 просо и 22 товари овес. Целото население е задолжено со 200 медри[20] вино. Проценето во пари, виното изнесува 1.200 акчиња. Понатака следи ушур[21] од лен, овошје, улишта; данок за воденици, за свињи, за бостан и уште некои давачки. Сите давачки се проценети и сумирани во дефтерот на 8.500 акчиња годишно.

Од село Јанборија одделно се регистрирани, под реден број 18, и 6 лица кои биле муселеми[22]. Тоа се следните: Али Пејчин; Меми, негов син; Перване, негов брат; Меми Никола; Нетко Никола и Пејчин Илко. Првите тројца се исламизирани христијани и тоа татко со двајца синови. Четвртиот, Меми Никола, е исто така исламизиран христијанин, додека петтиот, наречен Нетко Никола, кој бил брат на претходниот, си останал христијанин.

---

[18] *Раја* (Reaya), арапски збор со основно значење „стадо". Со овој израз се наречени во текот на XV и XVI век христијанските и муслиманските жители по селата и градовите коишто се занимавале со земјоделство. Подоцна изразот раја се однесува исклучиво на христијаните т.е. на немуслиманите.

[19] *Испенџе* (Ispence), назив за данок што го плаќале само немуслиманите и изнесувал 25 акчиња годишно. Овој данок се наплатувал од регистрираните старешини на домаќинства, како и од регистрираните неженети, а работоспособни младичи. Овој данок се наплатувал и од регистрираните вдовици. Според некои податоци, бедните вдовици плаќае само по 6, додека позаможните по 25 акчиња.

[20] *Медра* (Medre), мерка за вино. Точната запремина сѐ уште не е востановена. Во турската изворна документација имаме сретнато податок дека медрата претставувала половина ведро т.е. дека во едно ведро имало две медри.

[21] *Ушур* (Ušur), арапски збор со значење „десеток, десетти дел". Османските коментатори на законските прописи даваат појаснувања дека ушурот не е во вистинска смисла десеток, туку пропорционална натурална рента, која можела да се движи и до 50%, во зависност од бонитетот на земјата.

[22] *Муселеми* (Müsellem), арапски збор со значење „ослободен". Израз кој се однесува на оние лица, било од градовите или од селата, кои биле ослободени од разни обврски било кон државата или кон непосредните феудални господари, бидејќи примиле на себеси обврска да вршат некоја воена, полувоена или занатска услуга; вид стара османска војска или милиција.

Може со сигурност да се претпостави дека овие 6-мина муселеми биле ангажирани со разни занатски услуги и поправки во крепоста Коџаџик, заради што биле ослободени од редовните и вонредните државни даноци.

### *Обврски на селското население кон непосредните феудални господари*

Во опширниот пописен дефтер од 1583 година се заведени сите видови давачки од секое село што му следувале на непосредниот феудален господар, кон чијшто тимар било вклучено селото. Ние ќе се задржиме само на некои од поважните давачки, давајќи сумарни показатели, а во некои случаи заради илустрација ќе приведуваме и конкретни примери.

Така, на пример, што се однесува до ушурот од разни видови жито (пченица, јачмен, 'рж, овес и друго) целокупното население т.е. сите села во Нахијата Жупа се задолжени со вкупно 1.353 товари, од кои 341 товар пченица; $395^1/_2$ јачмен; $320^1/_2$ товари 'рж; $1.96^1/_2$ товари овес; $94^1/_2$ торари просо; 4 товари граор и $1^1/_2$ товар леќа. Со најголема количина жито се оптоварени селата: Јанборија со 132 товари, Проваленик со 130 товари, Селци со 100 товари, Горенци со 80 товари итн.

Еден товар пченица се пресметувал по 54 акчиња, додека еден товар јачмен, 'рж, просо или граор се преметувал по 30 акчиња; еден товар овес по 18 акчиња и 1 товар леќа по 54 акчиња (како и пченицата). Со леќа се задолжени само селата Катун и Горно Алешенци; со граор се задолжени селата: Долно Алешенци, Новак и Долни Папрадник. Од податоците за просото се гледа дека тоа се произведувало во 13 села.

Што се однесува до ушурот од лозја, кој се земал како вино, односно шира, ја имаме следната положба. Целокупното население во Жупа е задолжено да им даде на феудалните господари 1.835 медри шира. Мерката за течност, наречена медра, по својата запремина била рамна на половина ведро. Една медра се пресметувала по 6 акчи, така што целокупната количина вино изнесувала 11.010 акчиња. Со давање ушур (десеток) за вино се задолжени 21 село, што значи дека само 5 села во Жупа во 1583 година не се занимавале со лозарство. Со најголема количина вино се задолжени селата: Проваленик и Селци со по 300 медри, Горенци со 250 медри, Јанборија со 200 медри итн.

Во Жупа е мошне застапено производството на лен, кожурци потем пчеларството и свињогојството. Така, на пример, сите села во Жупа се задолжени со ушур од лен, пресметан во акчиња, така што вкупната сума за оваа давачка изнесува 1.511 акчиња. Во некои пописни дефтери имаме сретнато податок дека за една ока лен се земало по 2 акчиња. Ако тоа нешто важело и за Жупа, би произлегло дека на целото подрачје се произведувало вкупно 755 оки лен. Производството на лен било најразвиено во селата: Горно Алешенци, Селци, Јанборија и Горенци. Со пчеларство т.е. со одгледување пчели се занимавале 22 села кои се задолжени годишно да платат на име „ушур за улишта"

сума во износ од 977 акчиња. Со најголеми суми се оптоварени селата: Горно Алешенци со 170 акчиња годишно, Селци со 140, Проваленик со 120, Горенци со 120 акчиња итн. Одгледувањето на свилени буби било застапено во 17 села, кои се оптоварени со данок за кожурци во износ од 1.650 акчиња. Паѓа во очи дека само селото Горно Алешенци е нагрбено да плати 430 акчиња годишно, селото Стрежовиште е задолжено со 300 акчиња за кожурци, селото Горенци со 150 итн.

Што се однесува до чувањето и ранењето на свињи, и ова исто така било мошне развиено, бидејќи со данок за свињи се задолжени 23 села, во вкупен износ од 1.035 акчиња. Од селата што се задолжени со најголеми давачки за свињи ќе ги приведиме следните: Стрежовиште е задолжено со 140 акчиња годишно, а селата Горно Алешенци, Житинени и Селци се задолжени со по 100 акчиња.

Во нашето излагење ние се задржавме само на оние давачки кои се покарактеристични и поинтересни, погледнато од аспектот на она што сè се произведувало во Жупа. Покрај горепр иведените давачки, во пописниот дефтер од 1.583 година се регистрирани уште и следните: испенџе, што го плаќале само христијаните, и тоа по 25 акчиња годишно секој од регистрираните старешини на семејства како и од регистрираните неженети а работоспособни (mucerred); потем данок за воденици и валавици. Ако воденицата работела преку целата година се наплатувало по 30 акчиња, а ако работела половина година 15. Од валавиците се наплатувало по 15 акчиња годишно. Во дефтерот има податоци дека с земал ушур од разни видови овошје и градинарски култури, потем данок за пасишта или данок за сено, за свадбарина; понатаму, такса за купопродажба на земја, за пољачина, за нијабет и уште некои поситни давачки.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
## ЗА СОСТАВОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО НАХИЈАТА ЖУПА ВО 1519 и 1583 Г.

| Ред. број | Назив на селото (мезрата) | 1519 год. Христијани | | | | 1583 год. Христијани | | Муслимани | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Семејства | Вдовици | Неженети | Муслимани | Семејства | Неженети | Семејства | Неженети | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1 | Алешенци Горно[23] | 25 | — | 2 | — | 20 | 10 | 1 | — | |
| 2 | Алешенци Долно[24] | 52 | 3 | 5 | — | 62 | 25 | 7 | — | |
| 3 | Баланци[25] | 10 | — | 1 | — | 10 | 2 | 5 | — | |
| 4 | Бориловец[26] | 8 | 2 | — | — | 6 | 3 | — | — | |
| 5 | Брештани[27] | 13 | — | 1 | — | — | — | 5 | 1 | Во 1583 год. во ова село нема христ. |
| 6 | Броштица[28] | 61 | 2 | 7 | — | 16 | 1 | 1 | — | |
| 7 | Власиќ(и)[29] | 23 | 1 | 3 | — | 11 | 2 | — | — | |
| 8 | Горенци[30] | 36 | 2 | 4 | — | 24 | 8 | 2 | 1 | |
| 9 | Д'лгаш[31] | 34 | — | 3 | — | 32 | 8 | — | — | |
| 10 | Евлах[32] | 20 | — | 2 | — | 10 | 5 | — | — | |
| 11 | Елевци[33] | 9 | — | — | 1 | 11 | 3 | 4 | — | |
| 12 | Жерновник[34] | 30 | — | 3 | — | — | — | — | — | Во пописот од 1583 год. не се среќава |

[23] Во дефтерот од 1583 година е напишано *Горна Алешенчи.*

[24] Во пописниот дефтер од 1583 е регистрирано како *Aleşençe-i-zir* што во превод значи *Долно Алешенци.* Во овој случај е употребена персиската придавка *zir*, што значи „долни-а-о“, поврзана со именката Алешенци на персиски начин како генитивна конструкција наречена *izafet.*

[25] Како што е напишано, ова село би можело да се прочита и како *Блашец.*

[26] Напишано е *П-о-р-л-в-е-ч.* Го читам *Бориловец*, но би можело да биде во прашање село со назив *Бориловци.*

[27] Напишано е *Б-р-ш-ш̄-а-н-и.* Во другите постари пописни дефтери помеѓу консонантите „Р“ и „Ш“ е уфрлена буквата „Елиф“. Оваа буква може да се чита како „А“ или како „Е“, што значи дека во тој случај може да се прочита и како *Брашшани* и како *Брешшани.*

[28] Напишано е *П-р-о-ш-ш̄-ч.*

[29] Во пописниот дефтер од 1583 година е напишано како *Ивласиќ*, а во постарите дефтери е напишано и како *Виласиќ.*

[30] Како што е напишано, може да се прочита и како *Горица*, а во еден дефтер е напишано и како *Корица.*

[31] Точно така е напишано — *Д'лiаш.*

[32] Во пописниот дефтер од 1583 е регистрирано како *Евлах*, додека во постарите се среќава и како *Евлахлар* т.е. додадена е наставка за множина „*lar*“.

[33] Како што е напишано би можело да се прочита и како *Илевци* или *Ејлевци.*

[34] Во пописниот дефтер № 81 од 1519 година е напишано *Ж-р-н-в-н-и-к.* Во 1583 година ова село не го среќаваме во Нахијата Жупа. Веројатно е вклучено во некоја од соседните нахии или пак е раселено или испустено.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Житинени[35] | 26 | — | 3 | — | 21 | 6 | 8 | — | |
| 14 | Јанборија[36] | 29 | — | 10 | — | 65 | 12 | 17 | 3 | Во 1583 год. Јанборија е дервенциско село. |
| 15 | Катун[37] | 28 | — | 3 | — | 27 | 10 | 4 | 1 | |
| 16 | Кочиште | 27 | 2 | 3 | — | 42 | 19 | 1 | 1 | |
| 17 | Новак[38] | 15 | — | 2 | — | 20 | 9 | 3 | — | |
| 18 | Осолница | 17 | 3 | 1 | — | 15 | 3 | 2 | — | |
| 19 | Папрадник Горни[39] | 44 | 2 | 4 | — | 22 | 14 | 5 | — | |
| 20 | Папрадник Долни | 36 | — | 4 | 2 | 20 | 5 | 10 | — | |
| 21 | Пареш(е)[40] | 24 | — | 3 | — | 10 | 18 | 3 | — | |
| 22 | Проваленик[41] | 14 | — | 1 | — | 15 | 4 | — | — | |
| 23 | Радовешта[42] | — | — | — | — | 24 | 8 | — | — | Во 1519 не се среќава, а во 1467 имало 21 семејство. |
| 24 | Селци[43] | 32 | — | 4 | — | 70 | 22 | 1 | — | |
| 25 | Славјани | 18 | — | 2 | — | 34 | 8 | — | — | |
| 26 | Стрежовиште[44] | 25 | — | 2 | — | 20 | 3 | 3 | — | |
| 27 | Црнобуки[45] | 26 | — | 2 | — | 20 | 14 | 3 | — | |

[35] Како што е напишано би требало да се чита како *Житинани*, бидејќи меѓу двете согласки „Н“, е уфрлена буквата „Елиф“. Ние веќе порано нагласивме дека пописувачите во XV век честопати со буквата „Елиф“ го означувале вокалот „Е“, и затоа го читаме и предаваме како *Житинени*.

[36] Напишано е *Јанбориа*.

[37] Напишано е *К-а-т-н*. Во пописниот дефтер од 1519 година е напишано *К-т-у-н*.

[38] Напишано е *Н-в-а-к*.

[39] Селата *Горни* и *Долни Папрадник*, коишто во географската карта се заведени како *Голем* и *Мал Папрадник*, во пописните дефтери од XV и XVI век зборот *Папрадник* е прилично неспретно пишуван. Така, на пример, во пописниот дефтер од 1583 година е напишано *Горни П-а-п-р-н-и-к* и *Долни Папраник*. Во пописниот дефтер од 1519 година е напишано така што може да се прочита само како *Горни* и *Долни Прапатник*.

[40] Напишано е *П-а-р-ш*.

[41] Во пописниот дефтер од 1583 година е напишано на едно место како *Правалник*, на друго како *Праваленик*. Во 1519 година е регистрирано како *Проваленик*.

[42] Би можело да се прочита и како *Радовишта*.

[43] Може и *Селце* да се прочита.

[44] Во 1583 година е регистрирано како *И-с-т-р-ж-в-ш-т-е*, а во 1519 како *И-с-т-р-а-ж-в-ш-т-е*. Може да се чита уште како *Стражевиште* или како *Стрежевиште*.

[45] Како што е напишано во 1583 година, ова село повеќе може да се прочита како *Черни Л'к*. Меѓутоа, во поранешните пописни дефтери е напишано така, што со сигурност може да се чита и предаде како *Чернобуки* т.е. *Црнобуки*.

Metodija SOKOLOSKI

## JOUPA AU XV$^e$ ET XVI$^e$ SIÈCLES

(R é s u m é)

Se basant sur les documents des Archives, c'est-à-dire sur les Tahrir Defterleri, l'auteur du travail ci-dessus donne un aperçu de la situation dans la région de Joupa qui se trouve au sud-est de la ville de Debar, entre la montagne de Stogovo et la rivière de Crni Drim. L'auteur constate qu'au XV$^e$ siècle les villages de cette région étaient rattachés aux districts de Gorni Debar, Reka, Dolni Debar et Dolgo Brdo. Dans les premières décennies du XVI$^e$ siècle les localités peupléses de Joupa présentaient une unité administrative et teritoriale à part nommée nahie (district) puisque c'est qu'en tant que nahie qu'elle figure dans les Tahrir Defterleri de 1583.

Ensuite, sur la base des données des Defterleri datés de 1519 et de 1583, l'auteur donne un aperçu de la structure de la population de tous les villages faisant partie de la région de Joupa de même que sur les obligations que cette population devait remplir à l'égard des seigneurs féodaux. La région de Joupa comptait 26 localités peuplées. En 1519 dans ces villages il y avait 699 familles macédoniennes et 3 familles musulmanes, Par suite de l'islamisation des chrétiens macédoniens, le nombre de l'élément musulman augmente et, en 1583, il y avait déjà 85 familles musulmanes et 629 familles macédoniennes

L'auteur communique aussi le nombre de la population islamisée dans chaque village. En ce qui concerne les obligations à l'égard des seigneurs féodaux, l'auteur constate, qu'en moyenne, en 1519, chaque famille était impossée de 82 aclines et, en 1583, de 139. L'auteur informe également du nombre des charges de blé que la population était obligée à donner à la seigneureie, au cours de l'année, de même que de la quantité du vin exprimée en mèdres. Suivent d s 'nformations concernant les obligations dont la population de la région de Joupa devait s'acquitter à l'égard des spahis-timariotes en tant que seigneurs féodaux directs. A la fin est donné un tableau synopt que de la structure de la population dans tous les villages dans les années 1519 et 1583.